ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

# Г О Д И Ш Н А   П Р О Г Р А М А

## ЗА РАБОТА НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА ЗА 2010 ГОДИНА

**Скопје,  декември 2009 година**

## С О Д Р Ж И Н А


| Ред. Бр. | О п и с | Страна |
|---|---|---|
| 1 | Цели и задачи за работа на Државниот завод за ревизија во 2010 година | 5 |
| 2 | Избор на субјекти/проекти/теми за вршење ревизија | 6 |
| 3 | Организациона поставеност на ДЗР за извршување на Програмата за работа | 6 |
| 4 | Обезбедување финансиски средства за работа на ДЗР | 7 |
| 5 | Едукација на вработените | 7 |
| | 5.1. Обука на ревизорите и раководниот кадар | 8 |
| | 5.2. Понатамошен развој/усовршување на системот за континуиран развој на стручните способности на ревизорскиот и раководниот кадар | |
| | 5.3. Подготовка на процедури, постапки и насоки за воспоставување објективен систем за оцена на степенот и квалитетот | 8 |
| | при исполнувањето на работните задачи и воведување во пракса | 8 |
| 6 | Методолошки упатства | 9 |
| 7 | Информационен систем на ДЗР и ИТ ревизија | 9 |
| 8 | Меѓународна соработка | 9 |
| 9 | Информирање на надлежни органи во функција на подобро управување со јавните средства | 11 |
| | 9.1. Активности во насока на надминување на системски слабости и колизија на законски прописи | 11 |
| | 9.2. Соработка со Собранието на РМ, Владата на РМ, Министерството за финансии и другите надлежни органи | 11 |
| | 9.3. Активности поврзани со спречување на корупцијата | 12 |
| | 9.4. Следење на препораките дадени во ревизорските извештаи | 12 |
| 10 | Информирање на јавноста | 13 |
| 11 | Извршување на Годишната програма за работа на ДЗР | 14 |
| 12 | Завршни одредби | 14 |
| | Преглед на планирани ревизии за 2010 година – финансиски ревизии | Прилог - 1 |
| | Преглед на планирани ревизии за 2010 година – ревизии на успешност | Прилог - 2 |
| | Акционен план за извршување на Годишната програма за работа на ДЗР за 2010 година | |

## КОРИСТЕНИ КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| **CAAT's** | Компјутерски подржувани ревизорски техники |
| **ВРИ** | Врховни ревизорски институции |
| **ГДР** | Главен државен ревизор |
| **ДЗР** | Државен завод за ревизија |
| **ЕСР** | Европски суд на ревизори |
| **ЕУ** | Европска Унија |
| **ЕУРОСАИ** | Европска организација на врховни ревизорски институции |
| **ЗДР** | Закон за државната ревизија |
| **ИДИ** | Иницијатива за развој во рамки на ИНТОСАИ (непрофитна организација која има за цел зајакнување на институционалните капацитети на ВРИ во земјите во развој во рамки на регионалните работни групи на ИНТОСАИ) |
| **ИНТОСАИ** | Меѓународната организација на врховни ревизорски институции |
| **ИПА** | Инструменти за предпристапна помош (Pre-accession assistance) |
| **ИТ** | Информатичка технологија |
| **ИФИС** | Интегриран финансиско - информационен систем |
| **МАТРА** | Програма на Министерството за надворешни работи на Холандија за социјална трансформација насочена кон подршка на реформите на државите и нивните институции во новите земји членки на ЕУ, земјите кандидати за членство, земјите потенцијални кандидати и земјите соседи на ЕУ. |
| **НПАА** | Национална програма за усвојување на правото на ЕУ |
| **ОЕЦД** | Организација за економска соработка и развој |
| **ПГДР** | Помошник главен државен ревизор |
| **РГ** | Работна група |
| **РМ** | Република Македонија |
| **СИГМА** | Подршка во подобрување на управувањето и раководењето (здружена иницијатива на ОЕЦД и ЕУ) |
| **ХСР** | Холандски суд за ревизија |

Врз основа на член 6 и член 9 од Законот за државната ревизија (Сл.весник на РМ бр. 65/97, 70/01, 31/03, 19/04, 70/06 и 133/07) и член 17 и 18 од Правилникот за организација и работа на Државниот завод за ревизија, бр.0101-722/1 од 01.10.2008 година и Правилникот за дополнување на Правилникот за внатрешна организација и работа на Државниот завод за ревизија бр.0101-318/1 од 18.03.2009 година, главниот државен ревизор донесе:

**Г О Д И Ш Н А   П Р О Г Р А М А**
**за работа на Државниот завод за ревизија за 2010 година**

## 1. Цели и задачи за работа на Државниот завод за ревизија во 2010 година

Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија (ДЗР) за 2010 година ќе се остварува согласно постојната законска рамка утврдена со Законот за државната ревизија (ЗДР).

Во текот на 2010 година ќе продолжат да се интензивираат активностите на обезбедување потребни услови за реализација на стратешките цели на државната ревизија во Република Македонија со што ќе се оствари:

- Неопходна независност на државната ревизија како уставна категорија, во согласност со принципите на Декларацијата од Лима;
- Донесување на нов Закон за државна ревизија, усогласен со стандардите и критериумите на ЕУ;
- Натамошно зајакнување на институционалните капацитети и обезбедување на оптимални технички и човечки ресурси, како основен предуслов за извршување на функциите на државната ревизија;
- Воведување на нови видови ревизии и натамошно подигање на нивото на квалитет на извршување на ревизиите во согласност со ревизорските стандарди и методолошка пракса на државната ревизија;
- Изградба на систем за континуирано следење на спроведување/имплементација на препораките по наодите од извршените ревизии во функција на одржување на ефективни контроли кај субјектите предмет на ревизија;
- Интензивирање и проширување на содржините и формите на соработката со Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија, Министерството за финансии, Јавното обвинителство, Државната комисија за спречување на корупцијата и други надлежни органи и институции;
- Обезбедување опфат со државна ревизија според соодветна структура на субјекти и јавна потрошувачка, со што би се обезбедиле потребни податоци и информации за изградба на објективна оценка за степенот на остварувањето на наменското и законското трошење на јавните средства;
- Натамошно зајакнување и проширување на капацитетите за вршење на ревизија на успешност на различни програми и проекти, во функција на остварување на целите на ревизијата, отчетноста и доброто управување односно испитување на резултатите, економичноста, ефикасноста и ефективноста на активностите на јавниот сектор;
- Натамошен развој и едукација на човечките ресурси;
- Обезбедување на неопходни финансиски средства за целосно и квалитетно извршување на Програмата, воспоставување објективен систем за оцена на извршувањето на работните задачи;
- Подобрување на условите на работење - обезбедување на соодветен деловен простор, натамошно опремување со информатичка и друга опрема;

- Понатамошно унапредување на принципите на јавност и транспарентност во работата на ДЗР и подобрување на системот на комуникација и размена на информации со домашни и меѓународни субјекти;
- Примена на современи методолошки пристапи и пракса при вршење на државна ревизија согласно ИНТОСАИ, ЕУРОСАИ, ЕУ и други меѓународни стандарди и упатства за вршење државна ревизија;
- Продолжување на воспоставената соработката со ВРИ, Европскиот суд за ревизија, комитетите и работните групи на ИНТОСАИ, ЕУРОСАИ и други меѓународни организации и професионални тела и нејзино проширување во функција на остварување на стратешките цели на ДЗР.

## 2. Избор на субјекти/проекти/теми за вршење ревизија

Изборот на субјектите/проектите/темите за Програмата, е извршен согласно член 9, став 2 од Законот за државната ревизија и Упатството за предлагање на ревизии за годишната програма за работа на ДЗР.

При изборот на субјектите/темите/проектите кај кои ќе се врши ревизија, користени се и видувањата/препораките од СИГМА, и од извршената Оцената (Peer Review Report) за работењето на ДЗР од страна на Германскиот суд за ревизија во 2007 година.

Согласно пропишаните критериуми во Упатството за предлагање на ревизии, ДЗР во 2010 година планира да изврши вкупно 87 ревизии од кои:

- 81 ревизии на финасиски извештаи за 2009 година;
- 3 ревизии – ревизорски ангажмани со посебна намена и цели;
- 3 ревизии на успешност со цел давање независна оценка за целите и резултатите од активностите на јавниот сектор во функција на постигнатата економичност, ефикасност и ефективност на програмите и проектите финансирани со средства на Буџетот на РМ или од други извори.

Извршените ревизии се предмет на последователна проверка на спроведувањето на дадените препораки во ревизорските извештаи. Бројот на ревизорските извештаи од финансиските ревизии во Прилогот 1 е проценет и претставува очекуван број на финансиските извештаи (за секоја поединечна сметка) кои субјектот ќе ги поднесе за годината која е предмет на ревизија. Бројот на ревизорски извештаи за ревизијата на успешност (Прилог 2) во годишната програма исто така е проценет и ќе зависи од резултатите од прелиминарните истражувања за селектираните проекти/програми/активности избрани за ревизија, од пристапот и применетата методологија за вршење на ревизијата и поставената ревизорска цел.

Прегледите на планирани ревизии е составен дел на Програмата за работа на ДЗР за 2010 година (**Прилог 1 и 2**).

## 3. Организациона поставеност на ДЗР за извршување на Програмата за работа

Програмата за работа на ДЗР за 2010 година ќе се реализира со вкупно 91 вработен и 2 функционери. Согласно Правилникот за организација и работа, вработените се распоредени во Советници на ГДР, пет Сектори за финансиска ревизија, Сектор за ревизија на успешност, Сектор за развој, Одделение за внатрешна ревизија, Одделение за информатичка технологија и ревизија, Одделение за правни и општи работи и човечки ресурси и Одделение за финансиски и сметководствени работи.

Одделението за внатрешна ревизија изготвува посебен годишен план за работа на внатрешната ревизија за 2010 година.

## 4. Обезбедување финансиски средства за работа на ДЗР

Финансирањето на активностите на ДЗР, определени со Законот за државната ревизија се во дирекна корелација со Годишната програма на ДЗР и обемот за вршење на работите на државната ревизија.

Финансиските средства за реализација на Програмата за работа на ДЗР за 2010 година изнесуваат 108.486 илјади денари и тоа:

во 000 денари

| Структура на расходи | Средства од буџетот на РМ | Средства од сопствени приходи | Приходи од донации МАТРА | Вкупно ДЗР |
|---|---|---|---|---|
| Плати наемнини и надоместоци | 59.995 | 0 | 0 | **59.995** |
| Стоки и услуги | 7.214 | 22.911 | 220 | **30.345** |
| Капитални расходи | 0 | 18.146 | 0 | **18.146** |
| **Вкупно:** | **67.209** | **41.057** | **220** | **108.486** |

За извршување на функцијата на државната ревизија од вкупно планираните 108.486 илјади денари, 62% се буџетски средства, и 38% сопствени приходи од наплата на надоместоци за извршени ревизии.

Од аспект на структурата на расходите, 55% се предвидени за плати, наемнини и надоместоци на вработените, 28% за стоки и услуги и 17% за капитални расходи.

Имплементацијата и развојот на Интегрираниот финансиско - информациски систем (ИФИС) во ДЗР претставува еден од главните приоритети и активности на одделението за финансиски и сметководствени работи што ДЗР треба да ги спроведе во 2010 година.

ИФИС на ДЗР претставува основа која треба да овозможи ефикасно функционирање на финансискиот систем (целокупната финансиската документација) за потребите на реализација на Буџетот на ДЗР во согласност со законската регулатива на финансиско известување на буџетите и буџетските корисници (јавен сектор).

Функционирањето на државната ревизија во голема мерка зависи од доделување на неопходни финансиски средства и соодветно вреднување на ревизорската работа, со цел да се овозможи целосно и квалитетно извршување на работите и работните задачи за исполнување на законскиот мандат на ДЗР. Во овој контекст Декларацијата од Лима предвидува, финансиските средства кои Врховните ревизорски институции ќе ги сметаат за неопходни за извршување на задачите, да ги бараат директно од законодавецот и да ги користат во рамките на своите надлежности.

## 5. Едукација на вработените

Активностите за едукација на вработените се усогласени со стратешките определби на ДЗР за континуиран развој на професионалните и стручни способности на ревизорите и раководниот кадар во институцијата и воспоставување објективен систем за оцена на степенот и квалитетот при исполнувањето на работните задачи.

Согласно операционализацијата на стратегијата за управување со човечките ресурси и расположивите капацитети, во 2010 година ДЗР ќе работи посебно на реализација на следните активности:

*5.1. Обука на ревизорите и раководниот кадар*

- Вовед во државна ревизија - Обука на новите вработени за функционирањето на ДЗР и вовед во финансиска ревизија и ревизија на успешност;
- Пишување ревизорски извештаи наменето за раководители на тимови, ПГДР, Советници на ГДР и Сектор за развој (подготовки за имплементација на Прирачникот за известување кој влегува во сила во 2010 година);
- Вовед во CAAT's IDEA software наменета за сите вработени во ДЗР;
- Искуства од извршени финансиски ревизии и ревизии на успешност;
- Основна и специфична законска регулатива од областа на финансиите и функционирањето на субјектите предмет на ревизија, наменета за сите вработени во ДЗР;
- Примена на модерни техники на раководење и комуникација;
- Учество на семинари, работилници и други настани организирани од ИНТОСАИ/ЕУРОСАИ/ СИГМА /ЕСР и други;
- Ревизија на управување со јавен долг - е-обука и пилот ревизија на 3 член тим од ДЗР, во организација на ИНТОСАИ/ИДИ.
- Обука за примена на информатичка технологија - централизирано работење (споделување информации, документи и податоци на централен сервер);

Обуката ќе се изврши низ повеќе форми: организирање интерни обуки во рамките на ДЗР и со предавачи од ДЗР; обука на работно место, обука во рамките на МАТРА проектот со ХСР; обука во рамките на ДЗР со користење на надворешни експерти, и учество на курсеви, семинари, работилници, организирани од работни групи/комитети на ИНТОСАИ/ЕУРОСАИ, Европскиот суд за ревизија, СИГМА и други меѓународни професионални организации и асоцијации.

*5.2. Понатамошен развој / усовршување на системот за континуиран развој на стручните способности на ревизорскиот и раководен кадар*

Во 2010 година ДЗР ќе продолжи со отпочнатите активности за:

- Ревидирање и понатамошен развој на Програмата за обука на ревизорите;
- Изготвување листа на компетентни државни ревизори за реализација на одделни содржини од Програмата за обука и надворешни експерти заинтересирани за обука на државните ревизори;
- Изготвување листа на активности за обука релевантни за државната ревизија, организирани од други институции;

*5.3. Подготовка на процедури, постапки и насоки за воспоставување објективен систем за оцена на степенот и квалитетот при исполнувањето на работните задачи и воведување во пракса*

- Комплетирање на процедурите, постапките и инструментите во системот за планирање на индивидуалните работни задачи и оценување на степенот и квалитетот на реализација на истите;
- Презентација на основните аспекти на системот пред вработените во ДЗР;
- Следење на примената на системот во пилот фазата;

## 6. Методолошки упатства

Во текот на 2010 година активностите ќе бидат насочени кон следење на практичната/пилот примена на следните методолошки упатства:

- Прирачник за известување од извршена ревизија;
- Упатство за утврдување ниво на материјалност и насоки за дефиниција на грешка
- Упатство за осигурување на квалитет;

Согледувањата од следењето на постојните прирачници и упатства ќе бидат искористени за предлагање измени/ажурирање и понатамошен развој на методолошките упатства во ДЗР (прирачник за финансиска ревизија, прирачник за ревизија на успешност, прирачник за ИТ ревизија).

## 7. Информационен систем на ДЗР и ИТ ревизија

Во 2010 година активностите ќе се реализираат согласно целите дефинирани во стратешките документи за понатамошен развој на информациониот систем, примена на информатичка технологија и нејзино рационално и ефикасно искористување во ревизијата и ИТ ревизија. Во таа насока се планира:

- Продолжување со развој и оддржување на информациониот систем согласно стратешките цели за развој утврдени во ИТ Стратегија на ДЗР 2009 - 2013 година;
- Стандардизирање на документите на ДЗР;
- Ажурирање на базата на податоци – листа на субјекти за вршење ревизија во соработка со Секторот за развој,
- Анализа на потребата и утврдување на насоките за набавка на: софтвери за управување со процесот на ревизија, управување со документи и подготовка на тендерска документација;
- Пропишување на политиките и процедурите за ИТ и ИТ безбедност, одобрување на истите од страна на ГДР, имплементација (известување и обуки);
- Соработка со останатите државни институции за организирање на размена на податоци за потребите на ревизијата;
- Континуирана подршка на ревизијата во делот на превземање и анализа на базите на податоци на субјектите предмет на ревизија, употреба на CAAT’s, ИДЕА софтвер;
- Анализа на пристигнатите одговори по Прашалник за употреба на Информатичка технологија;
- Планирање  и извршување на Пилот ИТ ревизија (проект МАТРА);

## 8. Меѓународна соработка

Во рамките на меѓународната соработка во 2010 година, ДЗР ќе ја продолжи  соработката со ИНТОСАИ, ЕУРОСАИ, Европскиот суд на ревизори (ЕСР), и другите ВРИ, Светска банка, СИГМА и други меѓународни организации и институции по прашања од областа на државната ревизија. Формите на соработка опфаќаат учество на курсеви, семинари, работилници, истражувања, работа во работни групи, извршување паралелни ревизии, оценски мисии, работни посети, учества на конференции, стажирање на помлади ревизори од ДЗР во ЕСР и друго. Во оваа насока ДЗР е вклучен во Трансрегионалната програма на ИДИ за ревизија на Управување со јавен долг која ќе се одвива 2010 – 2011 година, како и меѓународна (паралелна) ревизија на програми насочени за зголемување на вработувањето на лицата со посебни потреби во јавниот сектор.

Соработката има за цел идентификување и промовирање на добрата пракса кај ВРИ, размена на методолошки и ревизорски искуства, за формите, содржините, периодиката и начинот на објавување  на резултатите од ревизиите и следење на ефектите од извршените ревизии, утврдување на појави на измама и корупција, развој на капацитетите за обука, соработка со ВРИ, транспарентноста и информирањето на јавноста и сл.

Како член на работната група (РГ) за ревизија на животна средина на ИНТОСАИ/ЕУРОСАИ, ДЗР во 2010 година ќе продолжи да зема учество во активностите на оваа РГ преку учество на семинари, подготовка на документи за животна средина, прашалници, истражувања, вршење ревизии (во земјата и на меѓународно ниво) и сл.

Претставници на ДЗР ќе продолжат да учествуваат во активностите на ИТ работната група при ЕУРОСАИ. Во рамките на оваа група се разгледуваат прашања од областа на ИТ ревизијата и примената на информатичката технологија во ВРИ преку организирање на состаноци за размена на искуства, организирање на семинари/работилници за примена на нови техники во ревизорската пракса на ВРИ.

Од 2009 година како член на Комитетот на ИНТОСАИ за градење на капацитетите на ВРИ, ДЗР дава придонес во давање професионално мислење и коментари за специфични упатства од областа на управување со човечките ресурси (УЧР) во рамките на поткомитетот за унапредување на активностите за УЧР. Во текот на 2010 активностите ќе бидат насочени кон завршување на Упатството за раководење со човечки ресурси во ВРИ и негово презентирање на наредниот конгрес на ИНТОСАИ.

Соработката со ВРИ од земјите кандидати и потенцијални кандидати за членство во ЕУ, и ЕСР како и со други ВРИ на земјите членки на ЕУ ќе се одвива во рамките на мрежата која ја сочинуваат ВРИ на земјите кандидати и потенцијални кандидати (ВРИ на Хрватска, Македонија, Турција, Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора) и ЕСР. Една од главните активности ќе биде насочена кон размена на искуства од областа на функционирањето на системот за јавна внатрешна финансиска контрола. Активностите како и досега ќе бидат поддржани од СИГМА и Работната група за заеднички ревизорски активности формирана од Контактниот комитет.

Учеството на ДЗР на состаноците на Контактниот комитет на ВРИ од ЕУ, во својство на активни набљудувачи заедно со ВРИ на земјите кандидати (Хрватска и Турција) , обезбедува можност за следење на најновите трендови и искуства во областа на ревизорските методи, пристапот и изборот на подрачја - предмет на ревизија.

Во рамките на билатералната соработка за 2010 година ДЗР планира да реализира работни посети на и од ВРИ членки на ЕУРОСАИ. Согласно утврдените агенди за одржување на обуки и друг вид на настани во рамките на ИНТОСАИ, ЕУРОСАИ, ЕСР, и мрежата за соработка, одреден број на ревизори и претставници на ДЗР ќе учествуваат на истите.

Во рамките на подготовката на националната програма за усвојување на правото на ЕУ (НПАА) и подготовка на преговарачките позиции на РМ за преговори за членство во ЕУ, ќе продолжат активностите за ажурирање на националната програма за 2010 година и следење на нејзината реализација низ активностите од акциониот план – работни групи за подрачје антикорупциска политика (РГ 23) и финансиска контрола (РГ 32).

Соработката со ХСР продолжува и во 2010 година во рамки на двегодишниот (2009 – 2010 година) проект преку програмата МАТРА на Министерството за надворешни работи на Холандската влада. Активностите на проект се опфатени во четири компоненти:
1) организациони и административни капацитети; 2) зајакнување на ревизорски вештини;
3) информациона технологија и ИТ ревизија; и 4) комуникација.
Во 2010 година, ДЗР ќе предложи проект за подобрување на квалитетот на работењето преку понатамошен развој на ИТ системот на ДЗР и примена на ИТ технологијата за рационално и ефикасно користење во ревизиите. За реализација на проектот ДЗР ќе аплицира за добивање помош од ИПА фондовите на Европската комисија.

## 9. Информирање на надлежни органи во функција на подобро управување со јавните средства

Во 2010 година, ќе се интезивира соработката со надлежните органи, кои преку ревизорските извештаи и посебни известувања ДЗР навремено ги информира за законското и наменско трошење на јавните средства, за постоење на основани сомненија за сторен прекршок или кривично дело како и за дадените препораки за надминување на утврдените неправилности, се со цел поквалитетна поддршка во подоброто управувањето со јавните средства.

### *9.1 Активности во насока на надминување на системски слабости и колизија на законски прописи*

Идентификување на системски слабости и колизии на законски прописи (пропусти/ недоречености или неусогласености на законската рамка) е суштински аспект од активностите на ДЗР. Ефект од оваа активност, врз подоброто управување со јавните средства може да се очекува само доколку надлежните институции преземат мерки за нивно надминување. За таа цел, ДЗР и натаму редовно ќе им ги доставува на надлежните органи, ревизорските извештаи во кои истите се содржани.
Преку соодветни информации, за постоење на системските слабости навремено, ќе бидат известувани и Собранието и Владата на РМ.
За системските слабости, за кои претходно веќе се известени институциите, континуирано ќе се следи степенот и соодветноста на преземените мерки за нивно отстранување.

### *9.2. Соработка со Собранието на РМ, Владата на РМ и Министерството за финансии и другите надлежни органи*

Соработката со Собранието на РМ, Владата на РМ и Министерството за финансии ќе се одвива во функција на реализација на Заклучоците на Собранието на РМ, донесени на 64-та седница на Собранието на РМ по разгледувањето на Годишниот извештај на ДЗР за 2008 година.

Во тие рамки ДЗР во 2010 година активностите ќе ги насочи кон:

- Редово информирање на Собранието на РМ и другите надлежни органи за извршените ревизии и за резултатите од извршените ревизии;
- Известување на Собранието на РМ и другите надлежни органи за системски слабости/прашања од општа административна и правна рамка (колизија на законски прописи) и други прашања од хоризонтална природа од работењето на субјектите од јавниот сектор кое може да бара соодветни одлуки од страна на Собранието;
- Презентирање на „Годишниот извештај на ДЗР за 2009 година“ на седница на Собранието на Република Македонија;
- Одржување на работни средби за взаемно информирање за одредени состојби утврдени во конкретни ревизорски извештаи како и ревизорски извештаи кои третираат прашања од поширок опсег и интерес, и преземање на конкретни активности за надминување на утврдените слабости/недостатоци;
- Иницирање обуки на надлежните тела во Собранието на РМ и идентификување на најдобра пракса за промовирање на ефективно функционирање, подобра комуникација и разбирање на функцијата на државната ревизија и резултатите од ревизорските активности;
- Соработка со Ревизорскиот комитет во Владата на РМ при разгледување на ревизорските извештаи за преземените мерки за надминување на утврдените неправилности во ревизорските извештаи на ДЗР;

- Соработка со Секторот за јавна внатрешна финансиска контрола при Министерството за финансии во повеќе насоки согласно одредбите од потпишаниот Протокол за соработка.

Во 2010 очекуваме да се интензивира соработката со Собранието на РМ/надлежна Собраниска комисија со што ќе се создадат услови за редовно и навремено разгледување на ревизорските извештаи на ДЗР и донесување заклучоци по ревизорските наоди и препораки со цел преземање мерки од страна на надлежни органи.

### *9.3. Активности поврзани со спречување на корупцијата*

Активностите на ДЗР поврзани со работата на Државната комисија за спречување на корупцијата, Јавното обвинителство и Министерството за внатрешни работи и во 2010 година ќе се одвива во согласност со овластувањата и обврските утврдени со Законот за државната ревизија, Законот за јавното обвинителство, Законот за спречување на корупција и друга законска регулатива.

Во рамките на овие активности во 2010 година ДЗР ќе продолжи да известува и обезбедува:

- Доставување на ревизорски извештаи/известувања до надлежните органи, за наоди кои иницираат активности од нивна надлежност и обезбедување на повратни информации за преземени мерки согласно нивните надлежности (во основа од Јавното обвинителство);
- Доставување извештаи и информации за извршени ревизии, по барање, и обезбедување на повратни информации за преземени мерки согласно нивните надлежности;
- Одржување на работни средби за меѓусебно информирање, за преземање на активности и мерки по наодите и препораките од конечните ревизорски извештаи, размена на искуства поврзани со методологијата на работа и презентација на наодите во ревизорските извештаи, усогласување на прописи, запознавање со Европската легислатива од аспект на борбата против корупцијата и вршењето на државната ревизија;

ДЗР ќе подготвува и разменува анализи и информации како резултат на соработката со надлежните органи и ќе ги доставува до Собранието на РМ во рамките на редовните и периодичните известувања и во понатамошна постапка на разгледување на овие информации во комисијата за финансирање и буџет за донесување на соодветни заклучоци.

### *9.4. Следење на препораките дадени во ревизорските извештаи*

ДЗР континуирано и редовно ги следи и анализира известувањата од ревидираните субјекти за преземените мерки по наодите и препораките дадени во ревизорските извештаи. Во рамките на постапките на ревизијата, ДЗР ги следи преземените мерки по наодите и препораките од извршените ревизии од претходните години и степенот на нивна имплементација. Во 2010 година ДЗР ќе го унапреди системот за следење на степенот на имплементација на препораките дадени во ревизорските извештаи. Исто така ДЗР ќе са ангажира на унапредување на соработката со субјектите предмет на ревизија за зголемување на нивната одговорност за преземање на мерки за надминување на констатираните неправилности, и навремено и во законски рокови известување за преземени мерки по наодите и препораките во ревизорските извештаи.

Во рамките на оваа задача ДЗР ќе ги презема и следните активности:

- Укажување за позитивните ефекти на спроведувањето на препораките за вкупното работење на субјектот и за законско користење на јавните средства;

- Предочување на субјектите дека не преземањето мерки и не спроведувањето на препораките по ревизорските извештаи ќе резултира во последователно вршење на ревизија на односните субјекти во континуитет;

Во услови кога овие активности на ДЗР не вродат со конкретни резултати, како и во случаи на зачестено не постапување по препораките од страна на субјектите, ДЗР ќе ги преземе следните активности;

- Информирање на органите надлежни за контрола и надзор над работењето на субјектите предмет на ревизија, за не преземање на потребни мерки и активности за надминување на утврдените неправилности;
- Информирање на Собранието и Владата на РМ, за не преземање потребни мерки и активности за надминување на утврдените слабости односно не постапување по препораките на ДЗР од страна на одделни правни субјекти и органи надлежни за контрола и надзор над ревидираните субјекти.

Во функција на утврдување на статусот на имплементација на препораките дадени во ревизорските извештаи на ДЗР кај субјектите предмет на ревизија, во рамките на тековните ревизии и посебно кај одредени субјекти како посебна ревизија, ДЗР ќе врши ревизија на спроведување на препораките со цел да се утврди, степенот и соодветноста на имплементираните препораки. Во прилогот 1 и 2 даден е Преглед на планирани ревизии. По овие ревизии, последователно ќе се извршат и ревизии на спроведување на препораките.

Резултатите од извршените ревизии на спроведување на препораките се презентираат во ревизорскиот извештај. Во функција на утврдување на објективноста на повратните информации добиени од субјектите предмет на ревизија во врска со преземените мерки, ДЗР дополнително ќе врши проверки на известувањата за преземени мерки добиени од субјектите и извештајот на овластениот државен ревизор по извршената ревизија за спроведувањето на препораките (и во рамките на извештаите од редовните ревизии), во случаите кога ќе се утврди дека правниот субјект предмет на ревизија доставил неточни информации, ДЗР ќе презема дополнителни мерки и активности, согласно надлежностите и изнесеното погоре.

## 10. Информирање на јавноста

Информирањето на пошироката јавност, како дел од транспарентноста која е еден од петте основни принципи во работењето на ДЗР, продолжува да функционира во контекст на постигнатите резултати од активностите на ДЗР во 2010 година.

Објавувањето на Конечните ревизорски извештаи на ВЕБ-страницата, како резултат на вршењето државна ревизија, ќе продолжи да се остварува со цел задржување на постигнатиот баланс на досегашната комуникиација и подобрување на разбирањето на содржината на ревизорските извештаи. Тоа ќе се остварува помеѓу сите засегнати страни: ДЗР-субјектите предмет на ревизија – медиумите како средство за пренесување на информациите и информирање на јавноста – граѓаните како даночни обврзници – институции кои согласно законот соработуваат со ДЗР – меѓународните институции.

За подобро остварување на целите на ДЗР дефинирани во стратешките документи, од аспект на надворешното (екстерно) информирањето, ДЗР во 2010 година планира да ги реализира следниве активности:

- Објавување на Конечните ревизорски извештаи на ВЕБ-страницата согласно Законот за државна ревизија и на начин утврден со интерните „Упатства“ донесени од Главниот државен ревизор;
- Објавување на „Годишниот извештај на ДЗР за 2009 година“ на ВЕБ-страницата, согласно Законот за државна ревизија;

- Ажурирање на содржините на ВЕБ-страницата согласно тековно настанатите промени;
- Објавување на информации, вести и други покуси текстови на ВЕБ-страницата во однос на планираните и реализираните домашни и меѓународни активности на ДЗР;
- Тековно информирање и брифирање на медиумите и на новинарите, на институциите кои законски се обврзани да соработуваат со ДЗР и на другите засегнати страни;
- Имплементирање на нови средства, инструменти и начини на комуникација со пошироката јавност како: флаери, брошури, кратки печатени промотивни изданија и друго.

Од аспект на внатрешното (интерно) информирање ДЗР ги планира следниве активности:

- Креирање на нова насловна страница на Интранетот;
- Усовршување на системот на ажурирање и функционирање на Интранетот, врз основа на искуствата од Холандскиот суд за ревизија стекнати преку заедничкиот „МАТРА проект“;
- Зголемување на обемот и на видовите содржини што ќе се пласираат на Интранетот;
- Тековно информирање на вработените за планираните и реализираните активности;

## 11. Извршување на Годишната програма за работа на ДЗР

Извршувањето на Годишната програма за работа на ДЗР за 2010 година ќе се реализира со Акционен план кој е составен дел на Годишната програма за работа на ДЗР.

## 12. Завршни одредби

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 01.01.2010 година.

**Број 0102 – 812/1** **Главен државен ревизор**

**Скопје, 22.12.2009 година** **Тања Таневска**

**Прилог 1**

**ГОДИШНА ПРОГРАМА**

**за работа на Државниот завод за ревизија за 2010 година**

**Преглед на планирани ревизии за 2010 година**

**ФИНАНСИСКА РЕВИЗИЈА**

| Шифра | Ред.бр. Годишна програма | Ред.бр. во класата | ОПИС | Место | Број на извештаи/ сметки |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Член 6 став 1** | | |
| 1 | 1 | 1 | Основен буџет на Република Македонија | Скопје | 1 |
| 2 | 2 | 1 | Министерство за финансии - Функции на државата | Скопје | 1 |
| | 3 | 2 | Управа за јавни приходи | Скопје | 3 |
| | 4 | 3 | Министерство за финансии - Орган | Скопје | 2 |
| | 5 | 4 | Служба за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија | Скопје | 1 |
| | 6 | 5 | Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи | Скопје | 1 |
| | 7 | 6 | Министерство за образование и наука | Скопје | 3 |
| | 8 | 7 | Министерство за здравство-Сметка за средства од заем на Владата на Република Италија - II транша | Скопје | 1 |
| | 9 | 8 | Министерство за здравство | Скопје | 5 |
| | 10 | 9 | Министерство за локална смоуправа | Скопје | 2 |
| 4 | 11 | 1 | Буџет и корисници на средства од буџетите на ЕЛС | Чаир-Скопје | 3 |
| | 12 | 2 | Буџет и корисници на средства од буџетите на ЕЛС | Штип | 4 |
| | 13 | 3 | Буџет и корисници на средства од буџетите на ЕЛС | Ѓ.Петров-Скопје | 3 |
| | 14 | 4 | Буџет и корисници на средства од буџетите на ЕЛС | Крива Паланка | 4 |
| | 15 | 5 | Буџет и корисници на средства од буџетите на ЕЛС | Радовиш | 4 |
| | 16 | 6 | Буџет и корисници на средства од буџетите на ЕЛС | Виница | 4 |
| | 17 | 7 | Буџет и корисници на средства од буџетите на ЕЛС | Липково | 3 |
| | 18 | 8 | Буџет и корисници на средства од буџетите на ЕЛС | Желино | 3 |
| | 19 | 9 | Буџет и корисници на средства од буџетите на ЕЛС | Старо Нагоричане | 3 |
| | 20 | 10 | Буџет и корисници на средства од буџетите на ЕЛС | Росоман | 3 |
| | 21 | 11 | Буџет и корисници на средства од буџетите на ЕЛС | Теарце | 3 |
| | 22 | 12 | Буџет и корисници на средства од буџетите на ЕЛС | Шуто Оризари-Скопје | 3 |
| | 23 | 13 | Буџет и корисници на средства од буџетите на ЕЛС | Сарај-Скопје | 3 |
| | 24 | 14 | Буџет и корисници на средства од буџетите на ЕЛС | Илинден-Скопје | 3 |
| | 25 | 15 | Буџет и корисници на средства од буџетите на ЕЛС | Центар-Скопје | 3 |
| | 26 | 16 | Буџет и корисници на средства од буџетите на ЕЛС | Струга | 3 |
| | 27 | 17 | Буџет и корисници на средства од буџетите на ЕЛС | Тетово | 4 |
| | 28 | 18 | Буџет и корисници на средства од буџетите на ЕЛС | Велес | 4 |
| 5 | 29 | 1 | Агенција за вработување на РМ | Скопје | 1 |
| | 30 | 2 | Фонд за пензиско и инвалидско осигурување | Скопје | 1 |
| | 31 | 3 | Фонд за здравствено осигурување | Скопје | 1 |
| | | | **Вкупно член 6 став 1** | | **83** |
| | | | | | |
| | | | **Член 6 став 2** | | |
| 7 | 32 | 1 | Клиника за хематологија | Скопје | 1 |
| | 33 | 2 | Клиника за ендокринологија | Скопје | 1 |
| | 34 | 3 | Клиника за дигестивна хирургија | Скопје | 1 |
| | 35 | 4 | Клиника за детски болести | Скопје | 1 |
| | 36 | 5 | Клиника за нефрологија | Скопје | 1 |
| | 37 | 6 | Клиника за инфективни болести | Скопје | 1 |
| | 38 | 7 | Клиника за ортопедски болести | Скопје | 1 |
| | 39 | 8 | Клиника за неврологија | Скопје | 1 |
| | 40 | 9 | Стоматолошки клинички центар | Скопје | 1 |
| | 41 | 10 | Психијатриска болница | Карпош | 1 |
| | 42 | 11 | Завод за нефрологија | Струга | 1 |
| | 43 | 12 | Општа болница | Струмица | 1 |
| | 44 | 13 | Општа болница | Штип | 1 |
| | 45 | 14 | Општа болница | Кавадарци | 1 |
| | 46 | 1 | Институт за акредитација на Република Македонија | Скопје | 1 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 8 | 47 | 2 | Институт за стандардизација | Скопје | 1 |
| | 48 | 3 | Државен студентски центар | Скопје | 2 |
| | 49 | 4 | Државен студентски дом - Пелагонија | Скопје | 2 |
| | 50 | 5 | Државен студентски дом - Кочо Рацин | Битола | 2 |
| | 51 | 6 | Државен студентски дом - Никола Карев | Охрид | 2 |
| | 52 | 7 | Државен студентски дом - Томе Стефановски Сениќ | Скопје | 2 |
| | 53 | 8 | Државен студентски дом - Народен херој Орде Чопела | Прилеп | 3 |
| | 54 | 9 | Средно училиште на град Скопје -Ѓорѓи Димитров | Скопје | 3 |
| | 55 | 10 | Средно училиште на град Скопје - Владо Тасевски | Скопје | 3 |
| | 56 | 11 | Средно училиште на град Скопје - Марија Кири Склодовска | Скопје | 3 |
| | 57 | 12 | Средно медицинско училиште Никола Штејн | Тетово | 3 |
| | 58 | 13 | Гимназија Раде Јовчевски Корчагин | Скопје | 3 |
| | 59 | 14 | Гимназија Никола Карев | Скопје | 3 |
| | 60 | 15 | Гимназија Орце Николов | Скопје | 3 |
| | 61 | 16 | Гимназија Јосип Броз Тито | Скопје | 3 |
| | 62 | 17 | Основно училиште Кочо Рацин | Скопје | 3 |
| | 63 | 18 | Основно училиште Елпида Караманди | Битола | 2 |
| | 64 | 19 | Основно училиште Гоце Делчев | Скопје | 3 |
| | 65 | 20 | Основно училиште 11- ти октомври | Куманово | 3 |
| | 66 | 21 | Основно училиште Рампо Левката | Прилеп | 3 |
| | 67 | 22 | Основно училиште Јан Амос Коменски | Скопје | 3 |
| | 68 | 23 | ЈУ Зоолошка градина | Скопје | 6 |
| 10 | 69 | 1 | Јавно сообраќајно претпријатие Скопје | Скопје | 1 |
| | 70 | 2 | Меѓуопштинско јавно претпријатие за снабдување со вода за пиење,одведување и пречистување на отпадни и атмосферски води на општина Охрид и Струга и заштита на Охридското езеро ПРОАКВА Струга | Струга | 1 |
| | 71 | 3 | Јавно претпријатие Градски паркинг | Скопје | 1 |
| 11 | 72 | 1 | Народна банка на Република Македонија-Финансиски план во делот на инвестиции и оперативни трошоци | Скопје | 1 |
| 13 | 73 | 1 | Агенција за промоција на туризмот | Струга | 1 |
| | 74 | 2 | Македонска банка за подршка на развојот | Скопје | 1 |
| | 75 | 3 | АД Македонска информативна агенција | Скопје | 1 |
| | 76 | 4 | Агенција за електронски комуникации | Скопје | 1 |
| | 77 | 5 | Централен регистар на Република Македонија | Скопје | 1 |
| | 78 | 6 | Агенција за планирање на просторот | Скопје | 1 |
| | 79 | 7 | Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија | Скопје | 1 |
| | 80 | 8 | Агенција за енергетика на Република Македонија | Скопје | 1 |
| | 81 | 9 | Агенција за подршка на претприемништво во Република Македонија | Скопје | 1 |
| | | | **Вкупно член 6 став 2** | | **89** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **РЕВИЗОРСКИ АНГАЖМАНИ СО ПОСЕБНА НАМЕНА/ТЕМАТСКИ РЕВИЗИИ** | | |
| | 82 | 1 | Ревизија на управување со јавниот долг | Скопје | 1 |
| | 83 | 2 | Утврдување и наплата на приходите по основ на комунални такси во град Скопје и општините во град Скопје | Скопје | 1 |
| | 84 | 3 | Програми насочени за зголемување на вработувањето на лицата со посебни потреби во јавниот сектор-Министерств за труд и социјална политика-паралелна (меѓународна) ревизија | Скопје | 1 |
| | | | **Вкупно** | | **3** |
| | | | **ВКУПНО ФИНАНСИСКИ РЕВИЗИИ** | | **175** |
| | | | | | |

**Прилог 2**

# ГОДИШНА ПРОГРАМА
# за работа на Државниот завод за ревизија за 2010 година

## Преглед на планирани ревизии за 2010 година

## РЕВИЗИЈА НА УСПЕШНОСТ

| Шифра | Ред.бр. во класата | Опис | Бр. на извештаи/ сметки |
|---|---|---|---|
| | | | |
| 41 | 1 | Ревизија на успешност на системот на Јавна внатрешна финансиска контрола (ЈВФК/PIFC) - оценка на ризици, развиеност на системот, имплементација и можности за негово подобрување. | |
| 41 | 2 | Ревизија на успешност на јавниот транспорт во град Скопје – оценка на ризици и можности за подобрување на јавната услуга локален јавен превоз на патници. | |
| 41 | 3 | Ревизија на успешност на административни такси на централно/државно ниво – оценка на ризици и можности за подобрување на централно ниво. | |

***** Бројот на ревизорски извештаи по една ревизија на успешност зависи од ревизорската цел која се определува по извршените прелиминарни истражувања за секоја ревизија како и од бројот на субјекти, корисници на извештаите.

****** Временската рамка на ревизиите на успешност зависи од бројот и комплексноста на утврдените проблематични области, откриените ризици, институциите кои ќе се определат во опфатот, методологијата која се определува со ревизорскиот план и програма, човечките капацитети и нивните квалификации. За одредени области ревизорите можат да консултираат и експерти од односната област. Ревизијата на успешност може да трае и во подолг циклус од една година.

******* Основните концепти на 3Е кај ревизиите на успешност ќе се интерпретираат во зависност од субјектот/те кои се предмет на ревизијата, критериумите за оценка на концептите, а кои се разликуваат за секоја ревизија поединечно.

******** Ревизиите на успешност под р.б. 2 и 3 ќе бидат извршени како пилот ревизии на успешност предвидени со активностите на проектот МАТРА.